**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија**
**У.О број** 0202/366
**Скопје, 29.06.2023 година**

Врз основа на член 27 став 3 точка 38 од Статутот на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИН НА И ПОСТАПКА ЗА ДОБИВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛ И ОВЛАСТЕН СМЕТКОВОДИТЕЛИ И УПИС ВО РЕГИСТАР
**(Пречистен текст)**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за издавање на уверение за сметководители и овластени сметководители од страна на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во понатамошниот текст Институт) и уписот во соодветниот регистар.

### Член 2

Поимите кои се користат во овој Правилник го имаат следното значење:

1.**Сметководствени работи** - се идентификување, сортирање и обработка на податоци врз основа на сметководствени документи и водење на трговски/деловни книги за финансиските трансакции на обврзник за водење на сметководство, нивно анализирање, евидентирање и составување на годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со закон;

2.**Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија** - е професионално здружение на сметководители и овластени сметководители основано согласно со овој закон;

3.**Сметководител** - е физичко лице кое има најмалку две години работно искуство во вршење сметководствени работи под менторство на сметководител и/или овластен сметководител и има положено испит за стекнување на статус на сметководител односно има уверение за сметководител од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и кое е запишано во Регистарот на сметководители согласно со овој закон;

4.**Овластен сметководител** - е физичко лице кое има најмалку две години работно искуство во вршење на сметководствени работи под менторство на сметководител и/или овластен сметководител и има положено испит за стекнување на статус на овластен сметководител односно има уверение за овластен сметководител од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и кое е запишано во Регистарот на овластени сметководители согласно со овој закон;

**5.Трговец поединец - сметководител** - е физичко лице регистрирано за вршење на сметководствени работи согласно со закон, со лиценца за работа издадена од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, регистрирано во Регистарот на трговци поединци - сметководители согласно со овој закон;

**6.Трговец поединец - овластен сметководител** - е физичко лице регистрирано за вршење на сметководствени работи согласно со закон, со лиценца за работа издадена од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на трговци поединци - овластени сметководители согласно со овој закон;

**7.Друштво за вршење сметководствени работи -** е трговско друштво за вршење на сметководствени работи регистрирано согласно со закон, со лиценца за работа издадена од Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и е регистрирано во Регистарот на друштва за вршење на сметководствени работи согласно со овој закон; 13. Регистар на сметководствени приправници - е книга за евиденција на податоци за сметководствени приправници, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

**8. Регистар на сметководители -** е книга за евиденција на податоци за сметководителите, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

**9.Регистар на овластени сметководители -** е книга за евиденција на податоци за овластените сметководители, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

**10. Регистар на трговци поединци - сметководители -** е книга за евиденција на податоци за трговците поединци - сметководители, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

**11.Регистар на трговци поединци - овластени сметководители** - е книга за евиденција на податоци за трговците поединци - овластени сметководители, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

**12. Регистар на друштва за вршење на сметководствени работи -** е книга за евиденција на податоци за друштва за вршење сметководствени работи, која се води во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија;

## II.НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УВЕРЕНИЈА

**Член 3**

(1) Институтот на сметководители и овластени сметководители издава уверение за сметководител односно овластен сметководител.

(2) Лицето кое сака да се стекне со статус на сметководител или овластен сметководител до Институтот поднесува писмено барање за стекнување на уверение за сметководител.

**Член 4**

(1) За да се стекне со уверение за сметководител, апликантот кон барањето за стекнување уверение за сметководител потребно е да ги достави следните докази:

1) доказ (диплома) за завршено средно економско образование и потврда издадена од работодавач за работно искуство од најмалку три години од областа на сметководството или Потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице, или

2) доказ (диплома) за завршено тригодишно високо образование од областа на економијата или бизнисот, односно завршени студии според Болоњската декларација и има 180 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и потврда издадена од работодавач за работно искуство од најмалку две години од областа на сметководството или Потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице, или

3) доказ (диплома) за завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен) од областа на економијата или бизнисот, односно завршени студии според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и потврда издадена од работодавач за работно искуство од најмалку една години од областа на сметководството или Потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице;

4) доказ за уплата на надоместокот за добивање трајно уверение за сметководител.

**Член 5**

(1) За да се стекне со уверение за овластен сметководител, апликантот кон барањето за стекнување уверение за овластен сметководител потребно е да ги достави следните докази:

1) Доказ (диплома) за завршено четиригодишно високо образование (VII/1 степен) од областа на економијата или бизнисот, односно завршени студии според Болоњската декларација и има 240 кредити според европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) во оригинал или копија заверена на нотар;

2) потврда издадена од работодавач за работно искуство од најмалку три години од областа на сметководството или Потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице;

3) доказ за уплата на надоместокот за добивање уверение за овластен сметководител.

## Член 6

(1) Завршеното образование од членовите 3 и 4 од овој Правилник се докажува со диплома за завршен циклус на студии.

(2) Дипломата за завршено образование од став 1 задолжително се доставува во оригинал или копија заверена на нотар.

(3) Доколку кандидатот работното искуство го стекнало во правно лице кое згаснало по сила на закон, работното искуство кандидатот го докажува со Потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице.

(4) Доколку кандидатот работното искуство го стекнало во странско правно лице, работното искуство кандидатот го докажува со Потврда од овластена институција издадена од земјата каде е стекнато искуството, преведена од овластен преведувач, заверена на нотар.

(5) Доколку апликантот го докажува работното искуство со потврда од Агенција за вработување на РСМ образец М1/М2 за физичко лице, во истата потребно е да наведено дека е на работно место "сметководител" , а доколку во образецот од АВРМ не е наведено работното место "сметководител", апликантот покрај доставениот образец М1/М2 потребно е да достави Изјава заверена на нотар во која гарантира под морална, материјална и кривична одговорност дека иако звањето на работното место гласи поинаку од "сметководител" на работното место извршувал работни обврски како сметководител.

(6) Формата на барање за стекнување на уверение за сметководител односно овластен сметководител ја пропишува министерот за финансии.

(7) Барањето за стекнување на уверение за сметководител се поднесува на посебен образец кој е составен дел на овој Правилник (прилог бр.1).

(8) Барањето за стекнување на уверение за овластен сметководител се поднесува на посебен образец кој е составен дел на овој Правилник (прилог бр.2).

(9) Потврдата издадена од работодавач за работно искуство се поднесува на пропишан образец и истата е составен дел на овој Правилник (прилог бр.3).

## Член 7

(1) Барањето за стекнување на уверение за сметководител односно овластен сметководител се поднесува од 20ти до 25ти во месецот во архивата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република

Македонија, притоа роковите ќе се засметуваат согласно одредбите од Законот за општа управна постапка.

(2) На лицето кое ги исполнува условите од член 3 став 1, односно член 4 став 3, Институтот му издава уверение за сметководител односно за овластен сметководител во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето, во архивата на Институтот, односно од денот на пристигнување на поштенски стигнатото барање во Институтот.

**Член 8**

(1) Лице кое добило лиценца за овластен ревизор може да се стекне со статус на овластен сметководител.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член за стекнување на статус овластен сметководител должно е да достави барање со следните прилози:

1) лиценца за овластен ревизор во оригинал или копија заверена на нотар;
2) доказ за платен надоместок за издавање уверение за овластен сметководител.

(3) Барањето за стекнување на уверение за сметководител од став 2 на овој член се поднесува на од 20ти до 25ти во месецот во архивата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

(4) Институтот на лицето од ставот (1) на овој член му издава уверение за овластен сметководител во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето во архивата на Институтот, односно од денот на пристигнување на поштенски стигнатото барање во Институтот.

(5) Овластениот ревизор кој стекнал уверение за овластен сметководител не може кај едно правно лице истовремено да врши работи на овластен сметководител и на овластен ревизор.

**Член 9**

(1) Сметководствени работи во Република Македонија може да врши и лице државјанин на Република Македонија кое има стекнато квалификација за сметководител, односно овластен сметководител во странство, доколку:

1) професионалната квалификација стекната во странство е соодветна на професионалната квалификација стекната согласно Законот за вршење сметководствени работи и
2) успешно го положи испитот спроведен од Институтот со кој се обезбедува дека има адекватно знаење од областа на законската регулатива во Република Македонија релевантна за вршење на сметководствени работи.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член барањето и потребната документација за стекнување со статус на сметководител, односно овластен сметководител ги доставува до Институтот, а ги одобрува Управниот одбор на Институтот.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложуваат следниве документи:

1) диплома за завршено образование;

2) документ издаден од надлежен орган за професионалната квалификација на лицето и

3) доказ за уплатен надоместок за полагање на испит за признавање на професионална квалификација стекната во странство.

(4) Документите од ставот (3) на овој член лицето ги доставува во оригинал или копија заверена на нотар, односно преведени од овластен преведувач, заверена на нотар.

(5) Институтот во случај на неуредно или нецелосно доставено барање има обврска во рок од пет дена по приемот на барањето во архивата на Институтот, односно од денот на пристигнување на поштенски стигнатотот барање во Институтот да го извести лицето за неуредноста или нецелосноста на барањето, а по потреба може да побара и дополнителни докази.

(6) Во текот на постапката Институтот може да побара мислење од надлежната комора или друг професионален орган или организација во државата во која ја стекнал професионалната квалификација во врска со поднесеното барање.

(7) Мислењето добиено од комората или друг професионален орган или организација не е задолжително за Институтот.

(8) Доколку барањето на лицето е уредно и целосно и доколку лицето ги исполни условите од ставот (1) на овој член Институтот му издава уверение за сметководител или овластен сметководител и го запишува во соодветниот регистар.

## III.НАЧИН И ПОСТАПКА ЗА УПИС ВО РЕГИСТРИТЕ

### Член 10

(1) Во Регистарот на сметководители, односно во Регистарот на овластени сметководители се запишува лицето кое има уверение за сметководител, односно уверение за овластен сметководител врз основа на поднесено лично барање, кое апликантот е должен да го достави од 01ви до 15ти во месецот во архивата на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија,

(2) Кон барањето за упис во регистрите од ставот (1) на овој член потребно е да се приложат следниве документи:

1) уверение за сметководител, односно уверение за овластен сметководител;

2) доказ дека не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија или должност од областа на финансиите, платниот промет и стопанството се додека траат правните последици од санкцијата издадена од Централниот регистар на РСМ во оригинал, копија заверена на

нотар, или електронски документ издаден од Централниот регистар на РСМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

3) доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена споредна казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата издадена од Централниот регистар на РСМ во оригинал, копија заверена на нотар, или електронски документ издаден од Централниот регистар на РСМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

4) доказ дека со правосилна судска пресуда не е осудувано на безусловна казна затвор над шест месеци, за кривичните дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата издадена од Основен кривичен суд (уверение за неосудуваност-казнена евиденција), не постара од 6 месеца со конкретно наведување на целта за која се издава;

5) доказ за уплата на членарина и

6) доказ за искуство во вршење на сметководствени работи од две години стекнато врз основа на вработување и/или практиканство согласно со закон и под менторство на сметководител и/или овластен сметководител.

(3) Доказот за искуство во вршење на сметководствени работи од ставот 2 точка 6 на овој член вклучува потврда од работодавач за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи и доказ од евиденцијата на органот за вработување. Доказот за искуство се приложува само доколку лицето го стекнало искуството пред поднесувањето на барањето за упис во соодветниот Регистар.

(4) Потврдата издадена од работодавач за работно искуство се поднесува на пропишан образец и истата е составен дел на овој Правилник (прилог бр.3).

(5) Институтот уверението за сметководител, односно овластен сметководител го обезбедува по службена должност по барање на подносителот.

(6) Овластеното службено лице од Институтот кое ја води постапката за упис во регистрите е должно во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, документите од ставот 2 точки 2), 3) на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар,а доказот од ставот 2 точка 6) на овој член по службена должност да го побара од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

(7) Овластеното службено лице од Централниот регистар, односно од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од кого е побаран документот е должно истиот да го достави до Институтот во рок од седум дена од денот на приемот на барањето од ставот (6) на овој член.

(8) Институтот е должен подносителот на барањето да го запише во соодветниот Регистар во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето во архивата на Институтот, односно од денот на пристигнување на поштенски стигнатото барање во Институтот.

(9) Одредбите од ставот 2 од овој член не се применуваат на даватели на сметководствени услуги регистрирани во држави членки на Европска економска област.

(10) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на потврдата за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи од ставот 2 точка 6) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

**Член 11**

Сметководител и/или овластен сметководител кој има уверение за сметководител односно овластен сметководител од Институтот, со уписот во соодветниот Регистар се стекнува со право за вршење на сметководствени работи.

## IV.ИЗДАВАЊЕ ЛИЦЕНЦА ЗА РАБОТА И УПИС ВО РЕГИСТРИ

**Член 12**

(1) Трговец поединец или трговско друштво може да врши сметководствени работи по добивање на лиценца за работа од Институтот, со извршен упис во соодветниот регистар на Институтот.

(2) За добивање лиценца за работа, правното лице поднесува барање до Институтот. Кон барањето ја приложува следнава документација:

1) решение за упис од Централниот регистар;

2) уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител на име на подносителот на барањето;

3) список на вработени лица - вршители на сметководствени работи, регистарскиот број под кој се запишани во соодветниот регистар на Институтот со назнака на лицата кои имаат право за составување и потпишување на годишна сметка и/или финансиски извештаи во оригинал, копија заверена на нотар или електронски документ издаден од АВРМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

4) доказ дека на правното лице не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење професија или должност од областа на финансиите, платниот промет и стопанството се додека траат правните последици од санкцијата издадена од Централниот регистар на РСМ во оригинал, копија заверена на нотар, или електронски документ издаден од Централниот регистар на РСМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

5) доказ дека со правосилна судска пресуда на правното лице не му е изречена споредна казна забрана за вршење професија, дејност или должност за кривични дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата издадена од Централниот регистар на РСМ во оригинал, копија заверена на нотар, или електронски документ издаден од Централниот регистар на РСМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

6) доказ дека со правосилна судска пресуда правното лице не е осудувано на безусловна казна затвор над шест месеци, за кривичните дела против работните односи, кривични дела против имотот, кривични дела

против јавните финансии, платниот промет и стопанството и кривични дела против службената должност се додека траат правните последици од пресудата издадена од Основен кривичен суд (уверение за неосудуваност-казнена евиденција) непостара од 6 месеца со конкретно наведување на целта за која се издава;

7) доказ дека не е отворена или поведена стечајна постапка или ликвидација издадена од Централниот регистар на РСМ во оригинал, копија заверена на нотар, или електронски документ издаден од Централниот регистар на РСМ официјално потврден со електронски печат и електронски жиг;

8) доказ за годишно осигурување при вршење на сметководствени работи во оригинал или копија заверена на нотар и тоа за:

- трговец поединец - сметководител, износ од минимум 2.000 евра во денарска противвредност по штетен настан,
- трговец поединец - овластен сметководител на износ од минимум 10.000 евра во денарска противвредност по штетен настан,
- друштво за вршење на сметководствени работи на износ од минимум 20.000 евра во денарска противвредност по штетен настан и

9) доказ за уплатен надоместок за издавање лиценца за работа.

(3) Овластеното службено лице од Институтот кое ја води постапката за издавање на лиценца за работа на правни лица е должно документите од ставот 2 точки 1), 4),5) и 7) на овој член по службена должност да ги побара од Централниот регистар во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето во архивата на Институтот, односно од денот на пристигнување на поштенски стигнатотот барање во Институтот

(4) Овластеното службено лице од Централниот регистар од кого се побарани документите е должно истите да ги достави до Институтот во рок од седум дена од денот на приемот на барањето од ставот (2) на овој член.

(6) Институтот донесува решение за издавање лиценца за работа и врз основа на решението за издавање на лиценцата за работа на правните лица согласно со нивната правна форма и статус, врши упис во соодветниот регистар во Институтот во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето од ставовите (2) и (3) на овој член.

**Член 13**

(1) Подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител може да биде единствено трговец поединец на чие име гласи фирмата (овластеното лице), додека подносител на барање за издавање на лиценца за работа на трговско друштво може да биде само управителот на трговското друштво.

(2) Подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител односно трговско друштво, може да биде вработен и на скратено работдолжен е покрај доказите од член 11 став 2) од овој Правилник да достави и доказ дека подносителот на барањето е вработен со полно работно време во трговецот поединец односно трговското друштво.

### Член 14

(1) Трговско друштво чија примарна дејност не се сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување може да врши сметководствени работи по добивање на лиценца за работа од Институтот, со извршен упис во соодветниот регистар на Институтот, доколку ги исполнува покрај условите од член 11 и следните дополнителни услови:

1) Има основано подружница со приходна шифра 69.20 согласно Националната класификација на дејности - сметководствени, книговодствени и ревизорски работи и даночно советување;

2) овластеното лице на подружница-подносител на барањето поседува уверение за стекнат статус на сметководител, односно овластен сметководител,

3) овластеното лице на подружница кој поседува уверение за стекнат статус на сметководител е вработено во трговското друштвото со полно работно време.

### Член 14-а

(1) Обврската за вработување на полно работно време определена во член 13 став 2 и член 14 став 1 точка 3 од овој Правилник е необврзувачка за подносител на барањето за издавање на лиценца за работа на трговецот поединец-сметководител и трговецот поединец-овластен сметководител односно трговско друштво, или овластеното лице на подружница доколку истото докаже дека ги исполнува условите за остварување и користење на право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот утврдена согласно Законот за социјална заштита.

(2) Лицето од став 1 од овој член е должено е покрај доказите од член 11 став 2) односно од член 14 од овој Правилник да достави и доказ дека истиот е корисник на право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот.

### Член 15

(1) Лиценцата за работа се издава на неопределено време и не може да се пренесе на друго физичко или правно лице или на правен следбеник.
(2) Трговец поединец - сметководител, трговец поединец - овластен сметководители, друштво за вршење сметководствени работи може да работи по извршен упис на лиценцата за работа во Централниот регистар во рок од 15 дена од денот на приемот на истата.
(3) Правните лица со лиценца за работа се должни најдоцна до 31 јануари во тековната година да достават во Институтот список на лица вработени со нивните звања, со нивен регистарски број под кој се запишани во соодветниот регистар во Институтот и доказ за годишно осигурување од штета при вршење на професионална дејност во износ утврден во член 11, став 2 точка 8) од овој Правилник.

## V.ОДЗЕМАЊЕ УВЕРЕНИЕ И ЛИЦЕНЦА

## Член 16

Уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител се одзема доколку е изречена дисциплина мерка во спроведна дисципинска постапка согласно одредбите од Законот за вршење сметководствени работи.

## Член 17

(1) Лиценца за работа на правно лице се одзема ако:

1) се поднесе сопствено барање;
2) е издадена врз основа на неточни податоци;
3) повеќе не се исполнети условите врз основа на кои е издадена лиценцата;
4) е поведена постапка за ликвидација или стечајна постапка;
5) е изречена прекршочна санкција забрана за вршење дејност сметководствени работи;
6) сметководителот, односно овластениот сметководител е избран од соодветниот регистар согласно Законот за вршење на сметководствени работи;
7) е изречена споредна казна - привремена забрана за вршење дејност сметководствени работи;
8) е изречена споредна казна - одземање на лиценца за вршење на сметководствени работи;
9) е изречена споредна казна - трајна забрана за вршење на сметководствени работи и
10) е изречена споредна казна - престанок на правното лице.

(2) Во случаите од ставот 1 точка 1 од овој член лиценцата се одзема во рок од пет дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Во случаите од ставот 1 точка 2 од овој член лиценцата се одзема од страна на Институтот веднаш по утврдување дека е издадена врз основа на неточни податоци. Лиценцата се одзема за период од три години од денот на одземањето на лиценцата.

(4) Во случаите од ставот 1 точка 3 од овој член лиценцата се одзема веднаш по утврдување од страна на Институтот дека престанал да постои некој од условите за издавање на лиценца, освен во случај кога неисполнувањето на некој од условите се должи на настан кој не можел да се предвиди, спречи или да се избегне, при што лиценцата се одзема во рок од 30 дена од денот на утврдување од страна на Институтот дека условот престанал да постои.

(5) Во случаите од ставот 1 точка 4 на овој член, лиценцата се одзема со денот на отворање на стечајна или ликвидациона постапка.

(6) Во случајот од ставот 1 точка 5 на овој член, лиценцата се одзема со денот на правосилноста на одлуката за прекршочна санкција. Лиценцата се одзема за периодот додека траат правните последици од забраната

## VI.ИЗДАВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНО УВЕРЕНИЕ И ЛИЦЕНЦА

### Член 18

(1) Во случај на крадење, губење или грубо оштетување на издаденото уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител или издадената лиценца за работа на правното лице, сметководителот односно овластениот сметководител како и овластеното лице во правното лице е должно уверението односно лиценцата да го/ја огласи како неважечка и за истото да достави доказ до Институтот.

(2) По доставата на доказот за објава во службено гласило до Институтот дека уверението односно лиценцата за работа е неважечка, Институтот издава ново уверение односно нова лиценца за работа во која се назначува дека истото/тата претставува дополнително уверение односно дополнителна лиценца, со зборовите “дупликат”.

(3) Услов за издавање на ново уверение односно нова лиценца е платена членарина за тековната година, и платена такса во износ од:

- 800 денари за издавање на дополнително уверение;
- 3.000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи
- 1500 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на трговец поединец овластен сметководител и
-1000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа за трговец поединец сметководител.

### Член 19

(1) Во случај на промена на лични податоци на лицето на кое му е издадено уверение за стекнат статус за сметководител односно овластен сметководител или промена на назив на правното лице на кое му е издадената лиценца за работа, сметководителот односно овластениот сметководител како и овластеното лице во правното лице е должно во рок од 5 дена од извршената промена да го извести Институтот за промената на податоците.

(2) По доставата на доказот за промена на податоците, Институтот издава ново уверение односно нова лиценца со изменети податоци во кое/а се назначува дека истотот/тата претставува дополнително уверение односно дополнителна лиценца, со зборовите “дупликат”.

(3) Услов за издавање на ново уверение односно нова лиценца е платена членарина за тековната година, и платена такса во износ од:

- 800 денари за издавање на дополнително уверение;
- 3.000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на друштво за вршење сметководствени работи
- 1500 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа на трговец поединец овластен сметководител и
-1000 денари за издавање на дополнителна лиценца за работа за трговец поединец сметководител.

## VII.МИРУВАЊЕ НА УВЕРЕНИЕ

## Член 20

(1)Уверение за стекнат статус на сметководител односно овластен сметководител, може да се стави во мирување доколку сметководителот односно овлстениот сметководител доколку:

1) времено престане да ја врши својата работа поради боледување подолго од 3 месеци,

2) времено престане да ја врши својата работа поради породилно отсуство;

3) времено престане да ја врши својата работа поради издржување на казна или изречена воспитна, или заштитна мерка, за период пократок од шест месеца или заради отслужување воен рок или вршење на цивилна служба со надомест, притвор и во други случаи определени со закон, времено престане да ја врши работата,

4) доколку е упатен на работа во странство во рамките на меѓународнотехничка соработка, просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование подолго од 3 месеца;

5) доколку брачениот другар е упатен на работа во странство;

6) доколку е избран или именуван на државна или јавна функција, утврдена со закон.

(2) Лицето со уверение за стекнат статус на сметководител односно овластен сметководител, е должно во рок од 15 дена од настапување на околностите за мирувањето да достави барање со соодветен доказ до Институтот и тоа:

1) Во случај на околноста од член 1 став 1 точка 1 и 2 да достави доказ издаден од ФПИОМ;

2) Во случај на околноста од член 1 став 1 точка 3 да достави одлука од надлежен орган;

3) Во случај на околноста од член 1 став 1 точка 4 да достави договор за вработување;

4) Во случај на околноста од член 1 став 1 точка 5 и 6 да достави одлука од работодавач;

5) Во случај на околноста од член 1 став 1 точка 7 да достави одлука од надлежен орган за избор и именување;

(3)За време на мирувањето на статусот на сметководител однсоно овластен сметководител, мируваат законските права и обврските односно мирува обврската за плаќање на членарина и обврската за посетување на часови за континуирано професионално усовршување.

(4) Лицето чии статус на сметководител односно овластен сметководител е во мирување, е должно во рок од 5 дена од престанувањето на причината за мирување да достави Известување до Институтот.

(5)Со денот на прием на Известувањето во архивата на Институтот престанува мирувањето статусот на сметководител однсоно овластен сметководител.

## VIII.КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

**Член 21**

Лицето со уверение за стекнат статус на сметководител односно овластен сметководител и кои се запишани во Регистрите кои истовремено се на работна позиција поврзана со сметководствени работи во органите на управата како Управа за јавни приходи, пазарна инспекција, Царинските органи, Централниот регистар, Министерството за финансии и други, кои работни позиции доведуваат до конфликт на интерес, се должни да намируваат половина од обврската за плаќање на годишна членарина и да исполнат половина од законскиот минумум за посета на часови за континуирано и професионално усовршување

## IX.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

(1)Лицата кои се стекнале со статус на сметководител и овластен сметководител, како и правни лица кои се стекнале со лиценци за работа пред донесување на овој правилник, се должни да се усогласат во рок од 90 дена од донесување на овој правилник и должни се да достават писмено Известување до Архивата на Институтот.

(2)Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат на начин и во постапка предвидени за неговото донесување.
Одлуката ја донесува Управниот одбор.

**Член 23**

Се она што не е дефинирано во овој Правилник, ќе биде регулирано со други акти и одлуки на Институтот, а согласно одредбите од Законот за вршење сметководствени работи.

**Член 24**

Овој Правилник се става на увид во деловните простории на Институтот, во неговото седиште.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување 26.05.2023 година.

Претседател на Управен одбор
Весна Прентоска

ИСОС
СКОПЈЕ

**ПРИЛОЗИ**

**Прилог 1-** Барањето за стекнување на уверение за сметководител

**Прилог -2** Барањето за стекнување на уверение за овластен сметководител

**Прилог 3** Потврдата издадена од работодавач за работно искуство

**Прилог 4** Изјава за заштита на лични податоци

ДО

ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И

ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Б А Р А Њ Е

за стекнување на уверение за овластен сметководител

Од_______________________________________________

(име, име на еден од родителите, презиме )

_______________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

_______________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми издаде уверение за овластен сметководител согласно член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи.

Место и датум

Подносител на барањето

ДО

ИНСТИТУТОТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И

ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БАРАЊЕ

за стекнување на уверение за сметководител

Од________________________________________________________

(име, име на еден од родителите, презиме )

__________________________________________________________

(адреса и живеалиште на подносителот на барањето)

__________________________________________________________

(телефон и е-пошта на подносителот на барањето)

Краток опис поради што се поднесува барањето:

Молам Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија да ми издаде уверение за сметководител согласно член 15 од Законот за вршење на сметководствени работи.

Место и датум

Подносител на барањето

ПРИЛОГ 3

По барање на работникот ____________________ од ___________, со живеалиште на ул. ___бр. __, ЕМБГ ___________, од работодавачот ________________________ на __________ година се издава

П О Т В Р Д А
за стекнато искуство во вршење на сметководствени работи

Се потврдува дека работникот ________________________од ______, со живеалиште на ул. _____________бр. __________, ЕМБГ ___________________, за време на работењето кај работодавачот ________________________ извршуваше уредно, совесно и професионално сметководствени работи за потребите на работодавачот во континуитет од ___________години.

Потврдата се издава да му послужи на работникот како доказ за потврдување на стекнато искуство во вршење на сметководствени работи пред Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија.

Име и презиме и потпис на
овластено лице кај работодавачот

________________________

М.П

Институт на сметководители и овластени сметководители
на Република Македонија
ул. Ѓуро Стругар бр. 5, 1000 Скопје, Република Македонија
arhiva@isos.com.mk

# ИЗЈАВА

Јас, долупотпишаниот/та ____________________, како член на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (во натамошниот текст: „**Институтот**"), а во врска со собирање, чувањето, употребувањe, откривањето, пренесувањето и обработувањето на сите податоци кои се однесуваат на мене, вклучувајќи ги и моите лични податоци [вклучително име и презиме,татково име, пол, датум и место на раѓање, регистарски број на сметководител односно овластен сметководител, датум на упис во регистарот, назив, седиште и контакт информации (вклучително телефонски број и имеил адреса) на правниот субјект каде што е вработен сметководителот, односно овластениот сметководител, датум на прием и подигнување на уверението, изречени дисциплински мерки и други податоци], а коишто ги откривам на Институтот во контекст на стекнување на уверение за сметководител и/или уверение за овластен сметководител и упис во Регистарот на сметководители и/или Регистарот на овластени сметководители и/или Регистар на трговци поединци – сметководители и/или Регистар на трговци поединци – овластени сметководители и/или Регистар на друштва за вршење на сметководствени работи и исполнување на правата и обврските согласно Законот за вршење на сметководствени работи („Податоците"), изјавувам дека сум запознаен/адека:

- Институтот ги обработува Податоците за следните цели: (1) заради остварување на моите права и обврски кои произлегуваат од Законот за вршење на сметководствени работи и членството во Институтот и на правата и обврски на Институтот како Контролорот согласно закон; (2) заради водење на задолжителни евиденции согласно закон;
- Институтот ги открива, пренесува и дава на користење Податоците на: (1) Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и други обработувачи на податоци за остварување на погоре наведените цели на обработка, во мерата потребна за тоа; (2) на трети лица заради исполнување на законски обврски на Институтот (на пример, на министерството за финансии, даночните власти итн), заради заштита на интересите на Институтот кога се налага таква потреба (на пример, во судска постапка итн), или во итен случај кога здравјето или безбедноста на членот се загрозени.

Изјавувам дека сум запознаен дека имам право на пристап и исправка до Податоците што ги собира Институтот и дека барањето за пристап и исправка на Податоците може да се поднесе до одговорното лице во Институтот, односно Офицерот за заштита на лични податоци – Весна Миновска на следниот контакт 02/3200030. Го задржувам правото да ги дополнам Податоците и се обрзувам навремено да вршам исправки и да ги ажурирам Податоците, доколку истите се неточни, нецелосни или бидат на кој било начин изменети.

☐ **СЕ СОГЛАСУВАМ** Институтот да ги користи, открие, пренесе и даде на користење моите Податоци (контакт информации:емаил,телефон) на други обработувачи на податоци од Македонија односно акредитирани правни лица кои спроведуваат континуирано професионално усовршување и едукација од областа на сметководството, финансиите или даноците и физички лица со соодветни квалификации од наведените области заради маркетинг цели односно за да добивам информации за обуки за континуирано професионално усовршување.

☐ **НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ** Институтот да ги користи, открие, пренесе и даде на користење моите Податоци (контакт информации:емаил,телефон) на други обработувачи на податоци од Македонија односно акредитирани правни лица кои спроведуваат континуирано професионално усовршување и едукација од областа на сметководството, финансиите или даноците и физички лица со соодветни квалификации од наведените области заради маркетинг цели односно за да добивам информации за обуки за континуирано професионално усовршување.

Изјавувам дека сум запознаен со правото да ја повлечам согласноста за обработка на моите Податоци за целите на директен маркетинг доколку не се согласувам Податоците да бидат користени од Институтот или другите обработувачи на податоци за испраќање на понуди за обуки или други маркетинг активности и тоа во секое време со обраќање до одговорното лице во Институтот, односно на податоците наведени погоре.

Место и датум: Изјавил/а,

--------------

____________________

______________________ година